БОРИС ТРАЈКОВСКИ

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

**на Друштвото за изградба, управување и издавање**

**на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје**

**за период од 01.07.2019 година до 30.09.2019 година**

Друштво за изградба, управување и издавање
на повеќенаменска сала
БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ
Бр. 05 - 373/3
09.10.2019 г.
СКОПЈЕ

**Скопје, Октомври 2019**

**Воведни напомени**

Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје е основано во Јули 2006 година од Владата на Република Македонија со основна цел доизградба на повеќенаменска сала во Скопје, која претходно беше започната да се гради од страна на Град Скопје.

Основачкиот влог на Друштвото на 30.06.2019 година изнесува 1.540.776.661,00денари, кој се состои од 1.425.440.000,00 денари паричен влог и 115.336.661,00 денари непаричен влог, односно влог во основни средства.

Состојбата на оснивачкиот влог во текот на првиот квартал 2019 година е зголемена за 60.000.000,00 денари со Одлука на Владата на Република Македонија по основ на зголемување на основна главнина на Друштвото.

## 1. БИЛАНС НА УСПЕХ

| | БИЛАНС НА УСПЕХ | 01.07-30.09.2018 | 01.07-30.09.2019 | разлика | коментар |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| рб | опис | износ | износ | =3-2 | опис |
| 1 | **приходи од дејност** | **16.563.206** | **20.773.787** | **4.210.581** | **зголемени** |
| | приходи од издавање на Арената/740026,740100,740116,742100, 740130, 745000 | 1.098.913 | 2.059.382 | 960.469 | зголемени |
| | приходи од Пливачки базен/740027,740101, | 2.696.742 | 3.962.416 | 1.265.674 | зголемени |
| | приходи од закупнини/747100 do 747109 | 3.808.966 | 5.493.049 | 1.684.083 | зголемени |
| | приходи од мала сала/740016,740115 | 34.925 | 185.823 | 150.898 | зголемени |
| | приходи од тениски терени/740036,740128 | 90.000 | 90.000 | 0 | исти |
| | приходи од прод на стоки и услуги куглана/740019,740015,740103,740113,741019,741113 | 480.798 | 511.567 | 30.769 | зголемени |
| | приходи од аква парк/740021,740025, 740127 | 5.839.564 | 5.821.501 | -18.063 | минимално намалување |
| | приходи од лизгалиште/740033,740044,740107 | 0 | 0 | 0 | нема |
| | приходи од брендирање- реклама ВИП/740137 | 1.844.850 | 1.846.443 | 1.593 | минимално зголемување |
| | останати приходи-аеробик,фитнес,пинг понг,сауна | 668.448 | 803.606 | 135.158 | зголемени |
| 2 | **расходи од основна дејност** | **28.467.827** | **27.673.741** | **-794.086** | |
| | ***потрошен материјал, набавна вредност и амортизација*** | 13.394.457 | 13.823.573 | 429.116 | |
| | набавна вредност на продадени стоки/701000,701003,400000 | 104.897 | 118.791 | 13.894 | расходите во кугланата се повисоки од причина што е зголемена продажбата на стоките |
| | потрошени материјали/,401000, 401300,401800,401900,405000, | 32.454 | 122.586 | 90.132 | зголемувањето се јавува поради набавка на делови за спортскиот семафор во малата сала |
| | канцелариски материјал/401001,401003 | 9.398 | 8.932 | -466 | намалување |
| | материјал за тековно одржување 401201 | 2.683.875 | 2.226.730 | -457.145 | намалување |
| | трошоци за хигиена/401200,401202 | 66.140 | 43.310 | -22.830 | намалување |
| | отпис на ситен инвентар | 0 | 0 | 0 | намалување |
| | амортизација на основни средства/432101 | 10.497.693 | 11.303.224 | 805.531 | зголемена амортизација поради зголемената вредност на основните средства со процената на 31.12.2018 |
| | *потрошена енергија* | 3.590.304 | 3.921.896 | 331.592 | зголемување на режиските трошоци |
| | електрична енергија/403000, 447700 | 2.648.696 | 3.003.547 | 354.851 | |
| | топлинска енергија/403100,403401 | 184.625 | 125.262 | -59.363 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | бензин и дизел гориво/403400 | 72.857 | 57.647 | -15.210 | |
| | трошоци за вода и комунална хигиена/415000,415001,415100,447710,415002 | 684.126 | 735.440 | 51.314 | |
| 23 | *трошоци за услуги* | 2.755.024 | 1.153.120 | -1.601.904 | намалување на трошоците за услуги |
| | ПТТ, интернет и транспортни услуги/411000,411001,411200 | 26.400 | 27.031 | 631 | поштенските услуги поскапеа 100% |
| | фиксна телефонија 411100 | 0 | 0 | 0 | нема ваков трошок |
| | мобилна телефонија/411110 | 74.320 | 101.104 | 26.784 | зголемување на трошоците за мобилна телефонија поради задоцнето стигање на фактурата од втор квартал во трет квартал |
| | банкарски услуги/446 | 50.201 | 61.335 | 11.134 | зголемување |
| | одржување на основни средства, софтвер, обезбедување, филтрирање на вода во Пливачки базен и рекреативен аква парк/413,419632,419636, 419637 | 2.604.103 | 963.650 | -1.640.453 | намалување |
| | списанија и стручна литература 449100 | 0 | 0 | 0 | нема ваков трошок |
| 24 | *трошоци за вработени* | 6.517.332 | 6.358.543 | -158.789 | намалување |
| | нето плати/421100 | 4.444.922 | 4.314.477 | -130.445 | намалување |
| | придонеси и даноци/421400,421401 | 2.072.410 | 2.044.066 | -28.344 | нам |
| 25 | *надомест за трошоци за работа* | 68.271 | 63.100 | -5.171 | намалување |
| | трошоци за службени патувања | 0 | 0 | 0 | нема ваков трошок |
| | други надоместоци за вработените/422,440,441 | 14.150 | 49.570 | 35.420 | исплатена отпремнина за во пензија |
| | трошоци за промоција и репрезентација/444 | 54.121 | 13.530 | -40.591 | намалување |
| 26 | *останати услуги* | 2.142.439 | 2.353.509 | 211.070 | намалување |
| | адвокатски и нотарски услуги/449020,449050,449052,449210,449011 | 103.736 | 91.500 | -12.236 | намалување |
| | надомест за членовите на надзорен одбор/442 | 91.470 | 60.004 | -31.466 | овие трошоци се непроменети а разликата се јавува поради различен период на книжење |
| | административни и судски такси/447800,447920,449903,469400 | 5.900 | 51.900 | 46.000 | зголемување поради судски спор со ПОЛИН за рекреативниот аква парк |
| | премии за осигурување/445 | 151.122 | 172.772 | 21.650 | повисока вредност на јавната набавка |
| | останати услуги/419010,419111,419120,419401,419633, 419620, 419014 | 1.643.171 | 1.701.444 | 58.273 | зголемени трошоци за спасители во аква парк |
| | трошоци за услуги од агенции и консултанти/449003,449004,449008,449005, 449905 | 115.848 | 146.850 | 31.002 | во 07/2018 немаме фактура за сметководствени услуги па од таа причина има зголемување на приходите во 2019 година |
| | трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 0 | 0 | нема ваков трошок |
| | останати нематеријални трошоци/447201, 447701,449010,449013,449070,449080,449200,449400,449401,449900, | 31.192 | 129.039 | 97.847 | зголемени трошоци за договор на дело |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 449910, 449911, 449007 | | | | |
| | добивка/ загуба од основна дејност | -11.904.621 | -6.899.954 | 5.004.667 | споредбено со 2018 година имаме подобрување на резултатот од основна дејност за 5.004.667,00 |
| 3 | останати приходи | 1.183.566 | 1.195.818 | 12.252 | |
| | приходи од донацијата од АЕК и АМС (пренос од резервирани приходи)/767200 | 1.114.494 | 1.139.137 | 24.643 | зголемување |
| | приходи од одобренија од добавувачи | 0 | 0 | 0 | |
| | приходи од камати ,курсни разлики/774,775, | 22.874 | 27623 | 4.749 | |
| | Приходи од наплатени отпишани побарувања/765000,765100,765300 | 26.028 | 0 | -26.028 | немаме наплата на отпишани побарувања (судски) |
| | останати фин Приходи- отпис на обврски | 0 | 0 | 0 | |
| | приходи од вишоци по попис | 0 | 0 | 0 | |
| | вишок по попис/764 | 0 | 0 | 0 | |
| | останати приходи/756,768,769,771,779, | 20.170 | 29.058 | 8.888 | зголемени приходи од задршки од плата |
| | вредносно усогласување на објекти и земјиште/751 | 0 | 0 | 0 | |
| 4 | останати расходи | 93.176 | 7.016 | -86.160 | |
| | камати од облигациони односи, негативни курсни разлики/470200,474900,475000, 474003 | 31.650 | 7.016 | -24.634 | намалување |
| | камати на јавни давачки 479201 | 1 | 0 | -1 | |
| | дополнително утврдени расходи од минати години,одобренија/469,456,460,467, | 61.525 | 0 | -61.525 | намалување |
| | отпис на побарувања, кусоци | 0 | 0 | 0 | |
| | отпис на побарувања, кусоци,кало,растур и крш/464 | 0 | 0 | 0 | |
| | вредносно усогласување на објекти и земјиште,постројки и опрема /451 | 0 | 0 | 0 | |
| | вкупни расходи | 28.561.003 | 27.680.757 | -880.246 | вкупните расходи се намалени за 880.246,00 во споредба со 2018 година |
| | вкупни приходи | 17.746.772 | 21.969.605 | 4.222.833 | вкупните приходи се зголемени за 4.222.833,00 денари во споредба со истиот квартал од 2018 година |
| | добивка/ загуба пред оданочување | -10.814.231 | -5.711.152 | 5.103.079 | подобрување на резултатот во споредба со 2018 година во висина од 5.103.079,00 денари |

info@scboristrajkovski.gov.mk | www.scboristrajkovski.gov.mk

| месец | 2018 | 2019 |
|---|---|---|
| | вработени во Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје | вработени во Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје |
| Јули | 75 | 73 |
| Август | 75 | 72 |
| Септември | 74 | 71 |

Нето платата за Јули 2019 година изнесува 2.096.069,00 денари

Нето платата за Август 2019 година изнесува 2.107.996,00 денари

Нето платата за Септември 2019 година изнесува 2.091.015,00 денари

Во извештајниот период од 01.07.2019 година до 30.09.2019 година споредбено со истиот период во 2018 година приходите од дејност бележат зголемување за 4.210.581,00 денари. Зголемувањето се јавува во секоја економска единица одделно освен кај рекреативниот аква парк каде што има намалување од 18.063,00 денари.

**Приходите од основна дејност** ги сочинуваат:

- Приходи од арената,
- Приходи од пливачкиот базен,
- Приходи од закупнините,
- Приходи од малата сала,
- Приходи од кугланата,
- Приходи од рекреативниот аква парк,
- Приходи од лизгалиштето,
- Приходи од брендирање на Спортскиот Центр БОРИС ТРАЈКОВСКИ Скопје и
- Приходи од останатите содржини (Аеробик центарот, Фитнес центарот, Тениските терени, Пинг-понг центарот, Сауната и сл.)

**Приходите од арената** бележат зголемување од 960.469,00 денари и истите изнесуваат 2.059.382,00 денари.

**Приходите од пливачкиот базен** бележат зголемување во висина од 1.265.674,00 денари и изнесуваат 3.962.416,00 денари.

**Приходите од закупнини** бележат зголемување во висина од 1.684.083,00 денари и изнесуваат 5.493.049,00 денари.

**Приходите од мала сала** бележат зголемување од 150.898,00 денари и изнесуваат 185.823,00 денари.

**Приходите од куглана** бележат зголемување во висина од 30.769,00 денари и изнесуваат 511.567,00 денари.

**Приходите од рекреативниот аква парк** бележат намалување од 18.063,00 денари и истите изнесуваат 5.821.501,00 денари. Ова намалување се јавува како резултат на помала посетеност во овој период од годината споредбено со истиот период 2018 година.

**Приходите од брендирање** во овој квартален период изнесуваат 1.846.443,00 денари или зголемување од незначителни 1.593,00 денари.

**Приходите од останатите содржини (Аеробик центарот, Фитнес центарот, Тениските терени, Пинг-понг центарот, Сауната и сл.)** бележат зголемување од 135.158,00 денари и истите изнесуваат 803.606,00 денари.

**Расходите од основната дејност** бележат намалување во висина од 794.086,00 денари и истите ги сочинуваат:

- Потрошен материјал, набавна вредност и амортизација
- Потрошена енергија
- Трошоци за услуги
- Трошоци за вработени
- Надомест за трошок за работа
- Останати услуги

**Трошоците за потрошени материјали, набавна вредност и амортизација** ги сочинуваат :

- **Трошоците за набавна вредност на продадени стоки во Кугланата** и истите бележат зголемување од 13.894,00 денари и изнесуваат 118.791,00 денари. Ова зголемување се јавува поради зголемување на продажбата на пијалоци во Кугланата.
- **Трошоците за потрошени материјали** бележат зголемување од 90.132,00 денари и истите изнесуваат 122.586,00 денари. Ова зголемување се јавува поради набавка на делови за спортскиот семафор во малата сала.
- **Трошоците за канцелариски материјал** бележат минимално намалување во висина од 466,00 денари и истите изнесуваат 8.932,00 денари.
- **Трошокот за материјали за тековно одржување** бележи намалување во висина од 457.145,00 денари и изнесува 2.226.730,00 денари.
- **Трошоците за хигиена** изнесуваат 43.310,00 денари и истите бележат намалување од 22.830,00 денари.
- **Трошоците за отпис на ситен инвентар** изнесуваат 0,00 денари.
- **Трошокот за амортизација** изнесува 11.303.224,00 денари и е зголемен за 805.531,00 денари поради зголемената вредност на основните средства со новата процена од страна на овластени проценители.

**Трошоците за потрошена енергија** бележат зголемување во висина од 331.592,00 денари и истите изнесуваат 3.921.896,00 денари. Овие трошоци ги сочинуваат трошоци за:

- **електрична енергија** зголемени за 354.851,00 денари и истите изнесуваат 3.003.547,00 денари,
- **топлинска енергија** намалени за 59.363,00 денари,
- **бензин и дизел гориво** намалени за 15.210,00 денари и
- **вода и комунална хигиена** зголемени за 51.314,00 денари.

**Трошоците за услуги** бележат намалување во висина од 1.601.904,00 денари и истите изнесуваат 1.153.120,00 денари. Во овие трошоци спаѓаат трошоците за

- **ПТТ, интернет и транспортни услуги** кои имаат незначително зголемување од 631,00 денари и истите изнесуваат 27.031,00 денари,

- **мобилна телефонија** кои исто така бележат зголемување од 26.784,00 денари и истите изнесуваат 101.104,00 денари. Ова зголемување се јавува поради задоцнето примање на фактурата која се однесува на трошок од втор квартал а е книжена во трет квартал,
- **банкарски услуги** кои бележат зголемување од 11.134,00 денари и изнесуваат 61.335,00 денари и
- **одржување на основни средства, софтвер и обезбедување и филтрирање на водата во пливачкиот базен и рекреативниот аква парк кои** бележат намалување од 1.640.453,00 денари и истите изнесуваат 963.650,00 денари.

**Трошоците за вработени** бележат намалување во висина од 158.789,00 денари и се во висина од 6.358.543,00 денари. Нив ги сочинуваат:

- **трошоци за нето плати** кои бележат намалување во висина од 130.445,00 денари и
- **трошоци за придонеси и донации** кои бележат намалување во висина од 28.344,00 денари.

**Трошоците за надоместок за работа** се состојат од:

- **трошоци за службен пат** кои изнесуваат 0,00 денари,
- **други надоместоци за вработени** кои се зголемени за 35.420,00 денари и истите во 2019 година изнесуваат 49.570,00 денари и
- **трошоци за промоција и репрезентација** кои бележат намалување од 40.591,00 денари и истите изнесуваат 13.530,00 денари.

**Трошоците за останати услуги кои** бележат зголемување од 211.070,00 денари и се состојат од:

- **адвокатски и нотарски услуги** кои бележат намалување од 12.236,00 денари,
- **трошоци за надомест на членови на надзорен одбор** кои бележат намалување од 31.466,00 денари и истите изнесуваат 60.004,00 денари. Овие трошоци се непроменети, а разликата се јавува поради различен период на книжење на трошокот.
- **трошоци за административни и судски такси** кои бележат зголемување од 46.000,00 денари (кое се јавува како резултат на уплата за судска такса за предмет **ПОЛИН-ГРОУП ДООЕЛ Скопје и АД ПОЛИН СУПЕРЛАРИ ВЕ ХАВУЗ СИСТЕМЛЕРИ ШОРКЕТИ, Гебзе, Коџаеали, Турција**),
- **трошоци за премија од осигурување** кои бележат зголемување од 21.650,00 денари поради повисока вредност на јавната набавка за осигурување,
- **трошоци за останати услуги** кои бележат зголемување во висина од 58.273,00 денари и истите изнесуваат 1.701.444,00 денари. Ова зголемување се јавува како резултат на зголемените трошоци за спасители во рекреативниот аква парк,
- **трошоци за услуги од агенции и консултанти кои** бележат зголемување од 31.002,00 денари од причина што во 07/2018 година немаме фактура за сметководствени услуги и
- **останатите нематеријални трошоци кои** бележат зголемување во висина од 97.847,00 денари како резултат на зголемен трошок за договори на дело.

**Ако се споредат вкупните приходи од основна дејност и вкупните расходи од основна дејност за 2019 година се добива загуба од 6.899.954,00 денари или помала загуба од 5.004.667,00 денари споредено со 2018 година.**

**Останатите приходи** на Друштвото бележат зголемување во висина од 12.252,00 денари и истата изнесува 1.195.818,00 денари. Во овие приходи спаѓаат:

- **Приходите од донација на АЕК и АМС (пренос од резервирани приходи)** кои имаат зголемување поради зголемувањето на амортизацијата на објектите за кои е дадена донацијата. Ова зголемување изнесува 24.643,00 денари.
- **Приходите од наплатени отпишани побарувања кои** бележат намалување во висина од 26.028,00 денари поради тоа што немаме наплата на отпишани побарувања за кои се водат судски постапки.
- **Останатите приходи кои** бележат зголемување од 8.888,00 денари поради направени задршки од плата на вработените.

**Останатите расходи** на Друштвото бележат намалување во висина од 86.160,00 денари и истите изнесуваат 7.016,00 денари. Во овие расходи спаѓаат

- **трошоци од камати од облигациони односи** кои се намалени за 24.634,00 денари,
- **негативни курсни разлики** и
- **дополнително утврдени расходи од минати години** кои се намалени за 61.525,00 денари.

**Вкупните приходи на Друштвото изнесуваат 21.969.605,00 денари и истите бележат зголемување во висина од 4.222.833,00 денари споредбено со истиот период за 2018 година.**

**Вкупните расходи бележат намалување во висина од 880.246,00 денари и изнесуваат 27.680.757,00 денари.**

**Со ова зголемување на приходите и намалување на расходите доаѓаме до подобрување на финансискиот резултат за третиот квартал 2019 година во висина од 5.103.079,00 денари или загубата од 10.814.231,00 за 2018 година е намалена на 5.711.152,00 денари.**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| | | **состојба 30,09,2018** | **состојба 30,09,2019** | **разлика** |
|---|---|---|---|---|
| | **1** | **2,0** | **3,0** | **4,0** |
| **рб** | **опис** | **износ** | **износ** | 3-2 |
| А, | **СРЕДСТВА** | **2.553.451.804** | **2.542.171.548** | **-11.280.256** |
| а) | ***Тековни средства*** | ***31.805.628*** | ***54.978.487*** | **23.172.859** |
| | парични средства | 10.158.682 | 19.492.527 | 9.333.845 |
| | побарувања од купувачи | 14.416.025 | 10.166.181 | -4.249.844 |
| | побарувања за ДДВ и други даноци | 3.995.641 | 763.365 | -3.232.276 |
| | однапред платени трошоци | 103.470 | 21.837.695 | 21.734.225 |
| | *побарувања од вработени- аванси* | *264.461* | *347.394* | 82.933 |
| | *дадени позајмици и аванси* | *2.221.519* | *2.128.762* | -92.757 |
| | ситен инвентар и резервни делови | 543.742 | 167.895 | -375.847 |
| | стоки на залиха | 102.088 | 74.668 | -27.420 |
| | побарувања од државни органи | | | 0 |
| b) | ***Постојани средства*** | ***2.521.646.176*** | ***2.487.193.061*** | **-34.453.115** |
| 1 | **Нематеријални средства** | **740.731** | **0** | **-740.731** |
| | вложување во туѓи основни средства | | | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | софтвер, лиценци и заштитен знак | | | 0 |
| 2 | **Материјални средства** | **2.900.129.228** | **2.913.318.524** | **13.189.296** |
| | Градежно земјиште | 646.623.546 | 649.710.601 | 3.087.055 |
| | Комплекс на Спортскиот Центар | 885.422.202 | 857.929.669 | -27.492.533 |
| | Пливачки Базен | 187.464.426 | 199.668.936 | 12.204.510 |
| | Хокеј игралиште | 43.420.828 | 43.420.828 | 0 |
| | Рекреативен аква парк градежен дел | 354.955.718 | 358.315.584 | 3.359.866 |
| | Паркинг и партер околу сала | 0 | | 0 |
| | Партер околу аква парк | 7.056.940 | 7.056.940 | 0 |
| | Тениски терен | 58.725.876 | 61.846.595 | 3.120.719 |
| | Остаток од градежен дел | 413.575.043 | 429.893.250 | 16.318.207 |
| | Рампи за автопарк | 19.322.566 | 19.322.566 | 0 |
| | Постојка за електрична и топлинска енергија | 63.430.943 | 63.430.943 | 0 |
| | Лифтови и опрема за озвучување | 13.122.154 | 13.122.154 | 0 |
| | Машини за чистење и противпожарна заштита | 7.618.627 | 7.618.627 | 0 |
| | Канцелариска опрема - мебел | 16.123.803 | 15.890.696 | -233.107 |
| | Компјутерска опрема | 5.790.664 | 5.592.418 | -198.246 |
| | Опрема за видео надзор | 4.711.812 | 4.711.812 | 0 |
| | Возила | 554.700 | 2.390.881 | 1.836.181 |
| | Спортска опрема и семафори | 124.497.461 | 125.960.911 | 1.463.450 |
| | Друга опрема што не може да се разграничи | 15.343.552 | 15.066.746 | -276.806 |
| | Билборди и светлечки реклами | 2.216.365 | 2.216.365 | 0 |
| | Соларен систем | 12.142.038 | 12.142.038 | 0 |
| | Уметнички слики | 60.000 | 60.000 | 0 |
| | Опрема за во рекреативен аква парк | 12.635.516 | 12.635.516 | 0 |
| | Инвестиции во тек спортска сала | 3.298.999 | 3.298.999 | 0 |
| | Постојки и опрема | 2.015.449 | 2.015.449 | 0 |
| | Канцелариска опрема | | | 0 |
| | **Вкупно основни средства** | **2.900.869.959** | **2.913.318.524** | **12.448.565** |
| 3 | **Исправка на вредност-амортизација** | **379.223.783** | **426.125.463** | **46.901.680** |
| 4 | **Нето основни средства** | **2.521.646.176** | **2.487.193.061** | **-34.453.115** |
| 5 | **Вложувања во недвижности за изнајмување** | **294.365.729** | **317.853.051** | **23.487.322** |
| | **Депозити од закупци на деловен простор** | **0** | | **0** |
| | **Вкупни средства** | **2.847.817.533** | **2.860.024.599** | **12.207.066** |
| В, | **ОБВРСКИ** | **365.043.803** | **319.840.872** | **-45.202.931** |
| а) | ***Тековни обврски*** | ***104.552.721*** | ***103.316.447*** | **-1.236.274** |
| | обврски кон добавувачи | 3.021.758 | 6.465.382 | 3.443.624 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | обврски кон вработени | 1.462.927 | 1.412.493 | -50.434 |
| | обврски за даноци и придонеси | 723.777 | 2.388.722 | 1.664.945 |
| | *обврски - кауции и депозити* | 3.477.845 | 2.303.472 | -1.174.373 |
| | останати краткорочни обврски | | 0 | 0 |
| | обврски за членовите на Надзорен одбор | 108.000 | 108.000 | 0 |
| | одложено признавање на приходи | 95.746.614 | 90.606.378 | -5.140.236 |
| | обврски - договори на дело | 11.800 | 32.000 | 20.200 |
| b) | ***Долгорочни обврски*** | ***260.491.082*** | ***216.524.425*** | **-43.966.657** |
| | ***REZERVIRANJE ZA KAMATI*** | ***0*** | ***21.156.114*** | |
| | обврски кон поврзани субјекти – Град Скопје | 260.491.082 | 195.368.311 | -65.122.771 |
| | **Вкупно обврски** | **365.043.803** | **319.840.872** | **-45.202.931** |
| V, | **КАПИТАЛ** | **2.482.773.730** | **2.540.183.727** | **57.409.997** |
| | основачки капитал - паричен влог | 1.480.776.661 | 1.540.776.661 | 60.000.000 |
| | основачки капитал - непаричен влог | | | 0 |
| | ревалоризациони резерви | 663.712.422 | 637.243.254 | -26.469.168 |
| | ревалоризациони резерви од државна поддршка | 646.623.546 | 660.522.341 | 13.898.795 |
| a) | **Вкупен капитал** | **2.791.112.629** | **2.838.542.256** | **47.429.627** |
| b) | **Акумулирана добивка** | **0** | | **0** |
| d) | **Акумулирана загуба** | **-277.257.835** | **-270.302.107** | **6.955.728** |
| v) | **Добивка / загуба за период** | **-31.081.064** | **-28.056.422** | **3.024.642** |
| | **Капитал** | **2.482.773.730** | **2.540.183.727** | **57.409.997** |
| | **Вкупно обврски и капитал** | **2.847.817.533** | **2.860.024.599** | **12.207.066** |

| РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО БЕЗ АМОРТИЗАЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| | 2018 | 2019 | РАЗЛИКА |
| ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 16.563.206 | 20.773.787 | 4.210.581 |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 1.183.566 | 1.195.818 | 12.252 |
| РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 17.970.134 | 16.370.517 | -1.599.617 |
| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 93.176 | 7.016 | -86.160 |
| ВКУПНО ПРИХОДИ | 17.746.772 | 21.969.605 | 4.222.833 |
| ВКУПНО РАСХОДИ | 18.063.310 | 16.377.533 | -1.685.777 |
| РЕЗУЛТАТ ДОБИВКА/ЗАГУБА | -316.538 | 5.592.072 | 5.908.610 |

АКТИВНОСТИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.07.2019 ДО 30.09.2019 ГОДИНА

1. Во период од 05-14.07.2019 година Град Скопје ја имаше честа втора година по ред да биде домаќин на ФИБА европското првенство (дивизија Б) за кошаркарки помлади од 18 години кое вклучуваше 24 екипи со повеќе од 300 натпреварувачки од различни земји.







2. Во период од 06-18.08.2019 година се одржа ИХФ Светоското првенство за мажи до 19 години (IHF Men's Youth U19 World Championship). Шампион на Светското првенство за ракометари до 19 години е Кадетската репрезентација на Египет. Во мечот за злато беа поуспешни од Германија, која во финалето ја совладаа со 32-28 (19-13).






3. На ден 09.08.2019 година Македонската кадетска ракометна репрезентација одигра натпревар од осминафиналето на Светското првенство за играчи до 19 години во Скопје. Во натпревар од третото коло во групата Ц Македонската кадетска ракометна репрезентација го совлада Бахреин со резултат 27:25.





4. Во период од 22-30.08.2019 година се одржа ФИБА европското првенство (дивизија А) за кошаркарки помлади од 16 години. Шеснаесет екипи се бореа во Скопје со потврдените списоци.

Група А: Данска, Франција, Германија, Литванија
Група Б: Финска, Унгарија, Италија, Русија
Група Ц: Белгија, Латвија, Шпанија, Шведска
Група Д: Чешка, Грција, Полска, Турција





5. На ден 14.09.2019 година ѓовеќе од 12.000 посетители уживаа во големиот музички настан „А1 World of Music", настан на кој Оне.Вип официјално стана дел од А1 групацијата. На настанот свој настап имаа Funk Shui, Влатко Лозаноски, Каролина со филхармонија, Roisin Murphy и Alle Farben.






6. На ден 25.09.2019 година во организација на Прагма продукција концерт одржа германскиот виолинист со светска слава Дејвид Гарет. Концертот започна со Петтата симфонија од Бетовен, а продолжи со најголемите рок класици и филмски теми.





7. На 21-22.09.2019 година во организација на Кошаркарска Федерација на Северна Македонија се одржа трененрски семинар под наслов “Лазар Лекиќ” .






8. На ден 28.09.2019 година во рамки на ,,Европската недела на спортот" се одржа спортската вечер која беше замислена како манифестација каде беа презентирани спортовите застапени во државата. Сите млади кои дојдоа на настанот имаа можност да се дружат со спортските амбасадори и да го пробаат и да го изберат спортот со кој во иднина ќе се занимаваат и дружат. Спортската манифестација беше збогатена и со изведба на културно-спортски точки на денс клубови од целата држава.





9. На ден 28.09.2019 година Македонската женска ракометна репрезентација загуби од Чешка на вториот евроквалфикациски натпревар. Разликата на крајот беше осум гола позитива на гостинките, иако нашите ракометарки 40 минути играа рамноправен ракомет.






10. На ден 30.09.2019 година во организација на Авалон продукција Италијанската поп-ѕвезда Ерос Рамацоти во рамки на својата светска турнеја, која почна во февруари годинава, одржа спектакуларен концерт.





Скопје,08.10.2019 година

БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје
управител
Александар Петровски

Изработил: Ленче Димовска
Марта Димитровска
Контролирал: Рената Стоилковска